# ЗАПИСНИК

## од 1-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС

х.Холидеј Ин, Скопје, 28 јуни, 2013 г.

# ЗАПИСНИК

од 1-та седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС
х.Холидеј Ин
28 јуни, 2013 г.

**<u>Присутни</u>**: Беким Мурати- САРАЈ; Љупчо Блажевски-ДЕМИР ХИСАР; Владимир Талевски-БИТОЛА; Николче Чурлиновски-ВАЛАНДОВО; Бајрам Кадрија-ВРАПЧИШТЕ; Иван Франгов-ГЕВГЕЛИЈА; Невзат Бејта-ГОСТИВАР; Боше Милошевски-ДОЛНЕНИ; Зоран Минов-КАРБИНЦИ; Фатмир Дехари-КИЧЕВО; Ратко Димитровски-КОЧАНИ; Аресенчо Алексовски-КРИВА ПАЛНКА; Ѓорги Дамчески-КРУШЕВО; Садула Дураки-ЛИПКОВО; Блажо Велков- НОВО СЕЛО; Азем Садики- СТУДЕНИЧАНИ; Илчо Захариев-ШТИП; Тони Трајковски-ГАЗИ БАБА; Изет Меџити-ЧАИР; Коце Трајановски-ГРАД СКОПЈЕ; Брахим Ајвази-АРАЧИНОВО; Драги Нацински-БЕРОВО; Анастасија Олумчева-БОГДАНЦИ; Љупчо Колев-БОСИЛОВО; Ванчо Стојанов-ВАСИЛЕВО; Славчо Чадиев-ВЕЛЕС; Ружди Љата- ДЕБАР; Игор Трајковски-ДЕБАРЦА; Дарко Шехтански- ДЕЛЧЕВО; Борче Стамов-ДОЈРАН; Блажо Станков-ЗРНОВЦИ; Жика Стојановски-ИЛИНДЕН; Тони Коцески- ЈЕГУНОВЦЕ; Мите Андоновски-КРАТОВО; Тони Заткоски-КРИВОГАШТАНИ; Зоран Дамјановски-КУМАНОВО; Орце Цветановски-ЛОЗОВО; Дарко Митевски-МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА; Милосим Војнески-МАКЕДОНСКИ БРОД; Стево Пивковски-МОГИЛА; Ванчо Апостолов-НЕГОТИНО; Лазар Котевски-НОВАЦИ; Никола Бакрачески-ОХРИД; Борче Митевски-ПЕТРОВЕЦ; Игор Поповски-ПЕХЧЕВО; Тони Тоневски-ПРОБИШТИП; Сашо Николов- РАДОВИШ; Момчило Алексовски-РАНКОВЦЕ; Стојанче Лазов-РОСОМАН; Зоран Тасев-СВЕТИ НИКОЛЕ; Стевче Трпковски-СОПИШТЕ; Зијадин Села-СТРУГА; Исен Асани-ТЕАРЦЕ; Теута Арифи-ТЕТОВО; Аријан Ибраим-ЦЕНТАР ЖУПА; Костадин Личков-ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО; Ивица Коневски-АЕРОДРОМ; Билјана Беличанец-Алексиќ- КИСЕЛА ВОДА; Андреј Жерновски-ЦЕНТАР

*<u>Со овластување:</u>*
МАВРОВО РОСТУШЕ- Претседател на Совет
СТРУМИЦА-Претседател на Совет
РЕСЕН-Претседател на Совет
ГРАДСКО-Претседател на Совет
ВЕВЧАНИ- Член на Совет

Присутните делегати го усвоија следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. **Одлука за избор на членови во работното претседателство на првата конститутивна седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС;**
2. **Одлука за избор на Верификациона Комисија;**
3. **Одлука за избор на Кандидациона Комисија;**
4. **Извештај за работата на ЗЕЛС (обраќање на актуелниот Претседател на ЗЕЛС г. Коце Трајановски).**
5. **Усвојување на извештајот за работата на ЗЕЛС и завршната сметка за 2012 г.;**
6. **Одлука за избор на членови на Управниот Одбор на ЗЕЛС;**
7. **Одлука за избор на членови на Надзорниот одбор на ЗЕЛС;**
8. **Одлука за пренесување на надлежноста на Генералното Собрание врз Управниот Одбор на ЗЕЛС за избор на членови во Комитетот на Советите;**
9. **Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЗЕЛС;**

10. **Разно - Дискусија;**

**ПРВА ТОЧКА: Одлука за избор на членови во работното претседателство на првата конститутивна седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС;**

За членови на Работно претседателство се предложени:

1. **Коце Трајановски -** Градоначалник на Град Скопје – актуелен претседател на ЗЕЛС
2. **Изет Меџити -** Градоначалник на општина Чаир- актуелен потпретседател на ЗЕЛС
3. **Зоран Дамјановски -** Градоначалник на општина Куманово - актуелен потпретседател на ЗЕЛС

Предлогот за членови на Работно претседателство беше едногласно е усвоен

**ОДЛУКА:** Генералното Собрание избира Работно Претседателство за претседавање со првата конститутивна седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС во следниот состав:

1. **Коце Трајановски -** Градоначалник на Град Скопје – актуелен претседател на ЗЕЛС
2. **Изет Меџити -** Градоначалник на општина Чаир- актуелен потпретседател на ЗЕЛС
3. **Зоран Дамјановски -** Градоначалник на општина Куманово - актуелен потпретседател на ЗЕЛС

**ВТОРА ТОЧКА: Одлука за избор на Верификациона Комисија;**

За членови на оваа Комисија беа предложени:

1. **Хазби Идризи** – Градоначалник на општина Боговиње- претседател
2. **Азем Садики** – Градоначалник на општина Студеничани
3. **Жика Стојановски** - Градоначалник на општина Илинден

Предлогот за членови на Верификациона Комисија беше едногласно е усвоен.

**ОДЛУКА:** Генералното Собрание избира Верификациона Комисија за утврдување на кворумот и полноправноста за одлучување и усогласеност на Одлуки со Статутот и актите на Заедницата во следниот состав:

1. **Хазби Идризи** – Градоначалник на општина Боговиње- претседател
2. **Азем Садики** – Градоначалник на општина Студеничани
3. **Жика Стојановски** - Градоначалник на општина Илинден

**ТРЕТА ТОЧКА: Одлука за избор на Кандидациона Комисија;**

За членови на оваа Комисија беа предложени:

1. **Тони Трајковски** - Градоначалник на општина Гази Баба - претседател
2. **Беким Мурати** - Градоначалник на општина Сарај
3. **Момчило Алексовски-** Градоначалник на општина Ранковце

Предлогот за членови на Кандидациона Комисија беше едногласно е усвоен.

**ОДЛУКА:** Генералното Собрание избира Кандидациона Комисија за утврдување на кандидатурата на делегатите на Генералното Собрание на ЗЕЛС, за член во органите на ЗЕЛС во следниот состав:

1. **Тони Трајковски** - Градоначалник на општина Гази Баба - претседател
2. **Беким Мурати** - Градоначалник на општина Сарај
3. **Момчило Алексовски**- Градоначалник на општина Ранковце

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Извештај за работата на ЗЕЛС (обраќање на актуелниот Претседател на ЗЕЛС г. Коце Трајановски).**

Претседателот на ЗЕЛС, г.Коце Трајановски пред присутните делегати ги претстави активностите, успесите и залојбите на ЗЕЛС во изминатите четири години како и предизвиците на ЗЕЛС за иднина.

***(ВО ПРИЛОГ ГОВОРОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЗЕЛС)***

**ПЕТТА ТОЧКА: Усвојување на извештајот за работата на ЗЕЛС и Завршната сметка за 2012 г**

Извршниот Директор на ЗЕЛС, Душица Перишиќ пред присутните делегати ја образложи завршната сметка на ЗЕЛС за 2012 година. Во периодот од 01.01-31.12.2012 година ЗЕЛС ги оствари следните финансиски резултати :
- Остварени приходи **94.159.675,00**
- Остварени расходи **29.782.851,00**

Остварениот вишок на приходи се пренесува во идната година и ќе служи за финансирање на планираните активности, согласно план на активности.

Пред присутните делегати беше претставен и вкупниот износ на неплатена членарина по години (2005 – 2012 година) и тој изнесува **31,705,240.00 денари.**

Претседателот на ЗЕЛС при обраќањето ги образложи поголемиот дел од активностите на ЗЕЛС во 2012 година, како и на делегатите им беше поделен печатен Годишен Извештај за 2012, кој покрај опис на сите активности на ЗЕЛС содржи и информации за финансиското работење на ЗЕЛС како и мислење од ревизор.

**ОДЛУКА:** Генералното Собрание едногласно ја усвои Завршната сметка на ЗЕЛС за 2012 година и Извештајот за работата на ЗЕЛС во 2012 година.

**ШЕСТА ТОЧКА: Одлука за избор на членови на Управниот Одбор на ЗЕЛС;**

Претседателот на Кандидационата Комисија, г. Тони Трајковски - Градоначалник на општина Гази Баба пред присутните делегати го предложи следниот состав за членови на Управен Одбор на ЗЕЛС :

1. Коце Трајановски - Градоначалник на Град Скопје
2. Невзат Бејта - Градоначалник на општина Гостивар
3. Зоран Дамјановски - Градоначалник на општина Куманово
4. Изет Мецити - Градоначалник на општина Чаир
5. Марјан Ристески - Градоначалник на општина Прилеп
6. Владимир Талевски - Градоначалник на општина Битола
7. Теута Арифи - Градоначалник на општина Тетово
8. Зоран Тасев- Градоначалник на општина Свети Николе
9. Љупчо Колев- Градоначалник на општина Босилово
10. Анастасија Олумчева - Градоначалник на општина Богданци
11. Славчо Чадиев - Градоначалник на општина Велес
12. Тони Трајковски - Градоначалник на општина Гази Баба
13. Тони Коцески - Градоначалник на општина Јегуновце
14. Фатмир Дехари - Градоначалник на општина Кичево
15. Билјана Беличанец Алексиќ- Градоначалник на општина Кисела Вода
16. Дарко Митевски - Градоначалник на општина Македонска Каменица
17. Мукрем Мехмеди - Градоначалник на општина Маврово и Ростуше
18. Никола Бакрачески - Градоначалник на општина Охрид
19. Азем Садики - Градоначалник на општина Студеничани

Предлогот беше усвоен со два гласа против.

**ОДЛУКА:** Генералното собрание на ЗЕЛС избира Управен одбор на ЗЕЛС во следниот состав:

1. Коце Трајановски - Градоначалник на Град Скопје
2. Невзат Бејта - Градоначалник на општина Гостивар
3. Зоран Дамјановски - Градоначалник на општина Куманово
4. Изет Мецити - Градоначалник на општина Чаир
5. Марјан Ристески - Градоначалник на општина Прилеп
6. Владимир Талевски - Градоначалник на општина Битола
7. Теута Арифи - Градоначалник на општина Тетово
8. Зоран Тасев- Градоначалник на општина Свети Николе
9. Љупчо Колев- Градоначалник на општина Босилово
10. Анастасија Олумчева - Градоначалник на општина Богданци
11. Славчо Чадиев - Градоначалник на општина Велес
12. Тони Трајковски - Градоначалник на општина Гази Баба
13. Тони Коцески - Градоначалник на општина Јегуновце
14. Фатмир Дехари - Градоначалник на општина Кичево
15. Билјана Беличанец Алексиќ- Градоначалник на општина Кисела Вода
16. Дарко Митевски - Градоначалник на општина Македонска Каменица
17. Мукрем Мехмеди - Градоначалник на општина Маврово и Ростуше

18. Никола Бакрачески - Градоначалник на општина Охрид
19. Азем Садики - Градоначалник на општина Студеничани

**СЕДМА ТОЧКА: Одлука за избор на членови на Надзорниот одбор на ЗЕЛС**

Претседателот на Кандидационата Комисија, г. Тони Трајковски - Градоначалник на општина Гази Баба пред присутните делегати го предложи следниот состав за членови на Надзорен Одбор на ЗЕЛС:

1. Жика Стојановски- Градоначалник на општина Илинден
2. Садула Дураку - Градоначалник на општина Липково
3. Илчо Захариев - Градоначалник на општина Штип
4. Момчило Алексовски - Градоначалник на општина Ранковце
5. Николче Чурлиновски - Градоначалник на општина Валандово

**ОДЛУКА:** Генералното собрание на ЗЕЛС избира Надзорен одбор на ЗЕЛС во следниот состав:

1. Жика Стојановски- Градоначалник на општина Илинден
2. Садула Дураку - Градоначалник на општина Липково
3. Илчо Захариев - Градоначалник на општина Штип
4. Момчило Алексовски - Градоначалник на општина Ранковце
5. Николче Чурлиновски - Градоначалник на општина Валандово

**ОСМА ТОЧКА: Одлука за пренесување на надлежноста на Генералното Собрание врз Управниот Одбор на ЗЕЛС за избор на членови во Комитетот на Советите;**

Постапката за избор за членови на Комитетот на советите при ЗЕЛС е специфична и условува сложена постапка со оглед на регионална застапеност на членовите, која се уште не е завршена. Од таа причина се предложува изборот за мандат на овие членови, Генералното собрание да му го префрли на Управниот одбор на ЗЕЛС, пракса воспоставена и при претходен избор. Управниот одбор на ЗЕЛС, членовите на ова тело ќе ги избере на својата следна седница.

Предлогот беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

**ОДЛУКА:** Се овластува Управниот одбор на ЗЕЛС, во име на Генералното Собрание на ЗЕЛС во посебна постапка да изврши избор на членови на Комитетот на Советите од редот на избраните советници во Република Македонија. Пренесувањето на надлежноста се врши еднократно и истото гасне со нејзиното остварување. Се задолжува Управниот одбор на ЗЕЛС, да го изврши изборот на својата прва наредна седница.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЗЕЛС;**

Пред присутнте делегати беа претставени предлозите за изменување и дополнување на Статутот на ЗЕЛС. Измените се однесуваат за неколку одредби, за чија предлог - измена се пристапува како резултат на досегашните пречки на кои се наидува при реализирање на одредени постапки. Доставен

е предлог за скратување на деновите за свикување на Генералното собрание, адресата на седиштето на ЗЕЛС, знамето, додека другите се однесуваат на изедначување на мандатите на членовите на статутарните тела со времетраењето на мандатите на градоначалничката функција

Предлогот беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

**ОДЛУКА:** Генералното собрание на ЗЕЛС изврши изменување и дополнување на статутот на ЗЕЛС како што следи:

1. Во статутот на ЗЕЛС во членот 2 по ставот 5 се додава нов став 6 кој гласи:

"Здружението на општини има свое седиште со адреса на ул. Копенхагенска бр. 5, Скопје"

2. Во статутот на ЗЕЛС членот 4, став 1, точка 2 се менува и гласи:

"Знамето на здружението на општини е во бела боја со однос на должината и широчината два спрема еден, на чија средина е аплициран амблемот."

**3.** Во статутот на ЗЕЛС членот 16, ставот 4, се менува и гласи**:**

"Управниот одбор закажува редовна седница на Генералното собрание најмалку 15 дена пред одржувањето со доставување на Одлука за свикување, покана со дневен ред, датум, час и место на одржување на седницата."

Ставот 5 од истиот член се менува и гласи:

"Делегатите на Генералното собрание имаат право да достават предлози за изменување и дополнување на дневниот ред најдоцна 5 дена пред неговото одржување."

4. Во статутот на ЗЕЛС, членот 19, став 1 се менува и гласи:

"Управниот Одбор на ЗЕЛС брои 19 членови, кои се избираат од Генералното Собрание со мандат во траење од 4 (четири) години."

Ставот 5 на истиот член се брише.

5. Во статутот на ЗЕЛС, членот 23 став 1 се менува и гласи:

"Надзорниот одбор брои 5 членови избрани од Генералното собрание со мандат од 4 години."

6. Во статутот на ЗЕЛС, членот 23 – а, став 3 се менува и гласи:

"Мандатот на членовите на овој орган трае 4 (четири) години, а бројот на мандатите за избор на членовите на Комитетот на Советите не може да изнесува повеќе од 8 (осум) години."

**Скопје, 28 јуни, 2013 г.**

**Составил:**
**Стручна служба на ЗЕЛС**